Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ПЛАН ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСОГЛАСЕНОСТА - НЕФОРМАЛНА ЕКОНОМИЈА 2026 - 2027





*Почитувани,*

*Со Планот за подобрување на усогласеноста - Неформална економија 2026 – 2027, Управата за јавни приходи прави јасен исчекор кон современ модел на работа – управување со ризици на усогласеност. Тоа значи дека не чекаме неправилностите да се случат, туку ги препознаваме ризиците однапред и делуваме навреме.*

*Ова е пристап што комбинира превенција, советодавна поддршка и таргетирани контроли. Не се води од случајност, туку од податоци и анализа. И има една цел: трајна усогласеност, а не краткорочен ефект.*

*Во 2025 година фокусот на УЈП беше на угостителството, трговијата на мало и одредени услужни дејности, како сектори со повисок ризик од неевидентирање на готовинскиот промет. Со насочено информирање влијаевме на свеста и праќавме порака дека неиздавањето на фискална сметка не е проблем само на државата, туку ги оштетува сите граѓани и создава нелојална конкуренција. Со директна комуникација и персонализирани информации им дадовме можност на даночните обврзници да го усогласат своето работење со законот. Реализиравме 4.200 советодавни посети и 6.300 контроли за фискализација.*

*Во 2026 активностите се надоврзуваат на 2025 година, го задржуваме фокусот на истите дејности со висок ризик, но и го прошируваме опфатот затоа што сивата економија не завршува на каса. Таа се движи низ целиот економски синџир, од набавка, преку плаќања во готово, до неформални исплати.*

*Истовремено, се насочуваме и кон новите форми на економија: краткорочното изнајмување и активностите што се одвиваат преку дигитални платформи. Економијата се менува, и ние мора да се менуваме со неа.*

*Во делот на превенцијата, Планот предвидува засилена координација со други институции на национално и локално ниво, со цел поефикасно информирање и поддршка на економските оператори во исполнувањето на нивните обврски.*

*Советодавниот пристап и поттикнувањето на доброволна усогласеност остануваат клучни, со цел да се обезбеди одржливо и трајно усогласено однесување, наместо краткорочни ефекти.*

*Во делот на контролите, се предвидува унапредување на селекцијата врз основа на анализа на ризик, како и примена на индиректни методи за процена на неевидентираниот промет, со цел да се зголеми ефикасноста и ефективноста на контролните активности.*

*Планот вклучува и системски мерки, меѓу кои и надградба на ГПРС системот за следење на готовинскиот промет во реално време, што ќе овозможи подобра анализа и навремено детектирање на ризици.*

*Сивата економија не е нова појава, но нејзиното влијание е сè уште силно. Таа не е само прашање на неплатен данок, таа е прашање на фер конкуренција, доверба во институциите и одржлив економски развој. Нашиот одговор не може да биде ад хок или изолиран. Мора да биде системски. Затоа овој План не е само документ на Управата за јавни приходи, туку е јасна насока за тоа каква економија сакаме да изградиме.*

*Со почит,*

*М-р Елена Петрова*

*Директор на Управа за јавни приходи*

**ПРЕГЛЕД НА СТРАТЕГИЈА**: Неформалната економија претставува еден од најголемите предизвици во економијата, како во прибирањето на даночните приходи, исто така и како значителна пречка за вршењето на бизнис активностите од страна на субјектите во формалната економија и за постигнување на посакуваното ниво на економски раст. Во Северна Македонија неформалната економија одамна е структурен дел од економската реалност.

Даночниот систем во Македонија вклучува поедноставени режими за оданочување на микро и мали бизниси: паушално оданочување на занаетчии, продавачи на тезги и слични дејности од редовен и времен карактер, даночно ослободување и поедноставено оданочување на трговски друштва со помал годишен вкупен приход, но и даночни и други мерки наменети за сите бизниси: даночно ослободување за воведување фискален систем на опрема за регистрирање готовински промет, ослободување од плаќање данок на личен доход на примања од работа за прво вработување и при почеток на вршење самостојна дејност, активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот во вид на неповратни средства - грантови и други мерки за поттикнување на формализација на вработувањата и економските активности.

Од 1 јануари 2026 година на сила е посебен закон кој овозможува поедноставна постапка за регистрирање на краткотрајно работно ангажирање на лица во неколку дејности (угостителство, земјоделство и услуги на домаќинствата), за лица од сите категории – вработени, невработени, пензионери, студенти, со симболично плаќање на данок и придонеси, што е нова мерка за олеснување и поддршка на формализацијата.

И покрај системското опкружување кое е стимулативно, а воедно и лесно достапните и едноставни административни процеси за користење на претходно наброените можности, сепак неформалната економија во Македонија егзистира како системски вкоренета и колку што има социјално-егзистенцијални мотиви, има исто толку и опортунистички мотиви. Нејзините двигатели се поврзани исто така и со политички, институционални и културни фактори, како:

- довербата во институциите,
- капацитетот на институциите,
- толеранцијата, и
- нормализација на неформалноста.

Истата најмногу е поврзана со вработувањето и доходите, односно најмногу се манифестира како непријавена работа, непријавени приходи, пријавување помали приходи преку неевидентирање на промет, фрагментирање на економските активности и прометот и сл.

На македонската неформална економија влијаат и новите технолошки трендови и синџири на снабдување: дигитални платформи за фриленс, достава и други онлајн услуги, премин од снабдување на локални пазари кон онлајн нарачки, дигитални плаќања и т.н. Егзистираат „хибридни” режими со делумна формалност, како регистрирана дејност со непријавени вработени, микро-добавувачи без регистрација, комбинација на формални банкарски трансакции и неформални трансакции за плаќања и т.н.
Кон тоа, неформалната економија е „отпорна” и репресијата не води кон исчезнување, туку кон адаптација, секое затворање на една фирма води кон отворање на нова.

Неформалната економија, со своето влијание како ризик за фискалната стабилност и за социјалниот систем и како извор на нелојална конкуренција, претставува комплексен и повеќеслоен проблем кој бара повеќестран пристап на делување. За успешно справување со неа е потребен меѓуинституционален, системски пристап, а не парцијални мерки. Таа е предизвик што бара поврзување на знаењето што го создава науката, дизајнот на јавните политики и институционалниот капацитет во функционален и одржлив систем.



Стратегијата за унапредување на даночната усогласеност во неформалната економија се однесува на спроведување на холистички мерки за подигање на свеста и знаењето за даночните обврски, мерки за олеснување на даночната усогласеност, како и таргетирани мерки и контроли согласно идентификуваните ризици кај средно и високоризичните групи на даночни обврзници. Истата ќе биде насочена кон два сегмента: нерегистрирани субјекти и регистрирани даночни обврзници кај кои има ризик дека работат „хибридно” и не го прикажуваат целосно прометот, расходите и приходите.

Нашиот фокус е насочен особено кон малите и средни претпријатија во дејностите со значајно учество на готовински плаќања, особено во секторите дистрибутери на големо, трговија на мало, угостителство, услужни дејности, закуп и подзакуп, сместувачки капацитети, услуги од самовработени лица, микропретприемачи и фриленсери (хонорарци) и сл.

## 2. ПРОФИЛ НА СЕГМЕНТОТ

### 2.0 КРИТЕРИУМИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ

### 2.1 Проценка на неформалната економија

Неформалната економија е проценета од владини и невладини институции со користење на неколку различни методологии. Проценките од мерењето на учеството на неформалната економија во Република Северна Македонија покажуваат дека истата се движи од 20% до 40% од БДП, во зависност од користениот метод. Извештајот заснован на проценките на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) ја опишува како „голема“ и наведува бројка заснована на од 37,4 проценти од бруто-домашниот производ.
Студијата спроведена од страна на Светска Банка степенот на неформална економија во 2018 година го проценува на 33,4% од БДП.

### 2.2 Број/тип на даночни обврзници:

Согласно последниот извештај на ДЗС неформално вработени лица се 98 095, додека согласно извештајот на Светска банка бројот на нерегистрирани субјекти се проценува на 44,5 % од вкупниот број регистрирани даночни обврзници во Република Северна Македонија.

### 2.3 Влијание врз приходите:

Согласно извештајот од Светска банка ДДВ јазот (збирно, во однос на јавната политика и усогласеноста) е проценет на околу 30 милијарди денари или две третини од приходите од ДДВ на земјата, и 55% од неоданочени те (изгубени) приходи се должат на неусогласеноста на даночните обврзници (намерни/ненамерни грешки на даночните обврзници, даночна евазија и административни предизвици). Јазот во наплатата на даноци, според сите мерила, претставува сериозна и неодржлива состојба што претставува непотребен товар за економијата и граѓаните на Северна Македонија.

## 3. КЛУЧНИ РИЗИЦИ ЗА УСОГЛАСЕНОСТ

### 3.1 Ризик поврзан со регистрација

**Ниво: Висок.**
Проценка заснована на бројот на нерегистрирани субјекти и вработени.

### 3.2 Ризик поврзан со точно поднесување пријави

**Ниво: Висок**.
Проценка заснована на бројот на нерегистрирани субјекти и вработени и даночни обврзници кои се регистрирани кои не ги исполнуваат своите даночни обврски.

### 3.3 Ризик поврзан со точно пријавување:

**Ниво: Висок.**
Проценка заснована на бројот на нерегистрирани субјекти и вработени.

Кај даночните обврзници кои се регистрирани, индикаторите за ризик вклучуваат: висок удел на готовински трансакции, регистрирани фискални уреди без евидентиран готовински промет или индикација за ниски износи на пријавен готовински промет, големи разлики меѓу прометот пријавен преку фискални уреди и во даночните пријави, низок приход согласно споредбени показатели, нереално искажани признати расходи за даночни цели итн.

Заедно овие индикатори укажуваат на веројатност за прикривање на промет и приходи (нето добивка) од работењето и неточно пријавување и плаќање на даноците.

## 4. ТРЕТМАНИ НА РИЗИКОТ

### 4.1 Превентивни мерки

- Целни информативни кампањи преку масовните и социјални медиуми за информирање на јавноста и подигање на свеста
- Специфични насоки по сектори: објаснувачки материјали и упатства, често поставувани прашања (база на знаење) и др.
- Партнерства во заедницата: соработка со посредниците за промовирање на усогласеноста.

### 4.2 Мерки за олеснување на усогласеноста

- Персонализирани даночни услуги:
- даночни агенти, советодавни посети и сл.
- Поедноставена регистрација, поднесување и плаќање: е-Даночни услуги преку веб и мобилни апликации, однапред пополнети пријави, електронско плаќање и др.

### 4.3 Мерки за справување со неусогласеноста - корективни (извршни) мерки

- Персонализирани мерки за усогласување (поднесување и коригирање на пријави и сл.)
- Надворешни контроли базирани на ризик и по случаен избор, вклучително и заеднички контроли со други инспекциски органи

Одредувањето на ДДВ јазот е приоритет, имајќи во предвид дека буџетот на Република Северна Македонија главно се потпира на индиректни даноци, додека јазот во наплатата на ДЛД и ДД сè уште не е измерен.

## 2.4 Клучни посредници:

- Стопанските комори и бизнис здруженија на национално, регионално и локално ниво, особено во таргетираните дејности
- Единици и органи на локална самоуправа
- Здруженија на сметководители
- Други посредници

## 2.5 Вклучени страни

Државен инспекторат за труд (ДИТ)

- Државен пазарен инспекторат (ДПИ)
- Министерство за финансии (МФ)
- Органи кои издават лиценци, одобренија и сл.
- Други органи

## 3.4 Ризик поврзан со плаќање

**Ниво: Висок**.
Проценка заснована на бројот на нерегистрирани субјекти и вработени и даночни обврзници кои се регистрирани кои не ги исполнуваат своите даночни обврски.

**Забелешка**: Проценетите ризици се високи за секоја од основните даночни обврски. Овие обврски се меѓусебно поврзани: ниската регистрација доведува до ниско ниво на поднесување пријави, известување и плаќање. Регистрацијата е клучниот прв чекор во постигнување на усогласеност на даночните обврзници.

## 5. ИНДИКАТОРИ ЗА УСОГЛАСЕНОСТ

- **Приходи**: Зголемување на пријавениот промет и наплатениот данок
- **Регистрација**: Зголемување на бројот на регистрации на даночни обврзници и зголемен број на пријавени вработени. Зголемување на доброволни корекции на даночни пријави од страна на даночните обврзници со зголемување на прометот и пријавениот данок и зголемување на процентот на утврдени неправилности во постапка на надворешна контрола кај даночни обврзници кои не се доброволно усогласени .
- **Поднесување пријави**: Зголемување на бројот на поднесени пријави
- **Плаќање**: Зголемена наплата на приходи по сите видови даноци

## 4.4 Системски мерки

- Соработка со други инспекциски органи, склучување меморандуми за соработка за размена на податоци, заеднички контроли и сл.
- Редизајнирање на внатрешни процеси, надградба на софтверски модули и подобрување на методологии за работа
- Интеграција и вкрстување на податоци од внатрешни бази на УЈП и со бази на податоци од трети страни за детектирање на непријавен промет и други неусогласености
- Предлози за законски измени

## 6. РАБОТНИ ТЕКОВИ

*Види План за имплементација на работните текови во Анекс 1*

## 7. РАЗВОЈ НА КАПАЦИТЕТИ

### ОРГАНИЗАЦИЈА И УПРАВУВАЊЕ

- За реализација на овој план се одговорни секторите во Генералната дирекција на УЈП кои ги планираат, организираат и следат активностите во рамки на своите оперативни организациски единици
- За изготвување на извештаи за реализирани активности и за мерење на клучните индикатори на усогласеност е одговорна Единицата за управување со ризици на усогласеност
- Надзор и процена на успешноста на мерките и насоки за понатамошно постапување дава Комитетот за управување со ризиците на усогласеност

### АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ

- Анализа на трендови, профили на даночни обврзници (модели на однесување со исти или слични карактеристики) и др. врши Единицата за управување со ризици на усогласеност
- Имплементација на симплифициран метод на пресметување на даночен јаз по сите видови даноци - Единица за управување со ризици на усогласеност во координација со аналитичари од Генерален даночен инспекторат и Сектор за стратешко планирање анализа и статистика

### ЈАКНЕЊЕ НА РЕСУРСИ

- Јакнење на аналитички вештини за анализа на ризик и профилирање на даночни обврзници на Единица за управување со ризици на усогласеност во соработка со Даночна академија

### ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ

- Имплементација на систем - е-Фактура – Работна група, Единица за управување со реформи
- Складиште на податоци и алатки за бизнис интелигенција - Работна група, Единица за управување со реформи



# АНЕКС 1

| ВИД НА АКТИВНОСТИ | I ПОЛОВИНА 2026 | II ПОЛОВИНА 2026 | I ПОЛОВИНА 2027 | II ПОЛОВИНА 2027 | НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТА |
|---|---|---|---|---|---|
| **I. УГОСТИТЕЛСТВО, ТРГОВИЈА НА МАЛО И УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ СО ГОТОВИНСКИ ПЛАЌАЊА** | | | | | |
| **1.1 ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ** | | | | | |
| Информативни кампањи преку медиуми за информирање на јавноста и подигање на свеста за мерките за подобрување на даночната усогласеност, особено за:<br>• Засилени активности во овие сектори, утврдени неправилности, преземени мерки<br>• Други состојби во секторите во делот на фискализацијата и пријавување на прометот, трендови, преземени мерки и резултати во однос на промена на усогласеноста<br>• Право и обврска на граѓаните – купувачи на добра и корисници на услуги да бараат фискална сметка (и во кои случаи продавачот нема обврска за издавање фискална сметка), како и за пријавување на неправилностите<br>• Исплата на надоместок и плаќање на данок и придонеси за работно ангажирање на лица во угостителство*<br>• Други информативни кампањи.<br>** Соработка со АВРМ и заедничка информативна кампања за спроведување на Законот за работно ангажирање кој е во сила од 01/01/2026.* | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | СДУДО+СРУД+ГДИ+СПДОЈ |
| Специфични насоки: објаснувачки материјали и упатства, често поставувани прашања (база на знаење), обуки и др., особено за:<br>• Правилна примена на даночните стапки за ДДВ при промет на добра и услуги при продажба и испорака на храна (угостителство и трговија)<br>• Обврски поврзани со фискализацијата и регистрација на готовинскиот промет, вклучително и за фискални таксиметри<br>• Даночни обврски при промет со готовински плаќања кој се врши на тезги и на отворен простор<br>• Други поврзани прашања. | ✓ | ✓ | ✓ | | СДУДО+СРУД+СПДОЈ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Партнерства во заедницата:<br>• Организирање на средби во соработка со Асоцијацијата на хотелиери – Здружението на хотели, ресторани, кафетерии и автокампови – ХОТАМ, Здружение на угостителство и туризам при Стопанска Комора на Македонија и други регионални и локални бизнис здруженија, со цел промовирање на доброволната усогласеност<br>• Организирање средби со органи на локална самоуправа, организатори на зелени пазари и други посредници за даночни обврски при вршење готовински промет за продажба на добра на тезги и на отворен простор, како и од услужни дејности (такси услуги)*<br>• Други средби и активности со посредници<br>** во соработка со Државниот пазарен инспекторат* | ✓ | ✓ | | | СУДОД +СРУД +ГДИ |
| **1.2 МЕРКИ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА УСОГЛАСЕНОСТА** | | | | | |
| • Персонализирана електронска достава на флаери и други материјали за информирање за обврските поврзани со фискализацијата и регистрирањето на готовински промет и други даночни обврски, до таргет групи даночни обврзници<br>• Советодавни посети кај таргет групи даночни обврзници (во 2026 год. фокус на продавачи на тезги кои вршат перманентна трговска дејност на тезги)<br>• Други персонализирани мерки за олеснување на усогласеноста за таргет групи даночни обврзници | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | СДУДО+СРУД+СПДОЈ+КЦ |
| • Воведување поедноставен процес за пресметување и плаќање на данокот на личен доход и на придонесите од задолжително социјално осигурување за работно ангажирани лица (услуга од УЈП за изготвување на МПИН и налог за плаќање)*<br>**Измена на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување во сила од 01/01/2026* | ✓ | | | | СРУД |



| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.3 МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО НЕУСОГЛАСЕНОСТА- КОРЕКТИВНИ (ИЗВРШНИ) МЕРКИ** | | | | | |
| Надворешни контроли базирани на ризик и по случаен избор за откривање и оданочување на неевидентираниот промет и приходи, со подобрена методологија за контрола:<br>• Воведување селекција за контрола по Законот за регистрирање на готовински плаќања (ЗРГП) врз основа на анализа на ризик според критериуми кои укажуваат на отстапување на евидентираниот промет од други обврзници кои вршат иста или слична дејност на иста или слична локација, како и други критериуми за ризик (повремена деактивација на фискалниот систем на опрема (ФСО), континуирано низок промет, континуирано ист промет, разлики меѓу прометот по ФСО и прометот во ДДВ пријава, погрешна примена на даночни стапки и др.).<br>• Воведување контроли со индиректни методи, во случаи кога при контрола по ЗРГП е утврдено дека не е евидентиран целиот промет, односно евидентираниот промет не одговара на документираната и фактичката состојба (проценка на вредноста на залихите, месечните режиски трошоци, број на работници, големината на деловниот простор, инвентарот и опремата за вршење на дејноста, просечна маржа во дејноста и др.)<br>• Воведување контроли со индиректни методи кај даночни обврзници со утврдени неправилности во контроли по ЗРГП, во случаи кога три месеци после контрола по ЗРГП со анализа е утврдено дека не е променето однесувањето на даночниот обврзник*<br>**Треба да се утврдат критериуми за непроменето однесување на даночниот обврзник: не дошло до зголемување на евидентираниот промет за најмалку 20% во рок од три месеци после контролата, во рок од три месеци после контролата дошло до затворање на деловниот објект и отворање на нов деловен објект на истата адреса и др.*<br>• Поврзани контроли или проширување на опсегот со даночни обврзници (увозници, производители, дистрибутери и др.) кои се вклучени во синџирот на снабдување во секторите угостителство, трговија на мало, такси служби и др., со цел обезбедување податоци за утврдување даночна основа со индиректни методи | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ГДИ+СРУД |
| Други (не контролни) мерки:<br>• Последователни мерки кон даночни обврзници за кои биле изречени казнени мерки за неиздавање на фискални сметки, не воведен ФСО и др., со цел поттикнување на доброволно усогласување и промена на моделот на однесување – коригирање на даночните пријави, воведување ФСО и сл. | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ГДИ+СРУД |
| Задолжување по службена должност (службени е-ППД) за работно ангажирани лица, врз основа на информации од контроли од ДИТ за неевидентирани ангажирани лица затекнати на лице место при контроли од ДИТ. | | | ✓ | ✓ | ГДИ+СРУД |
| **1.4 СИСТЕМСКИ МЕРКИ** | | | | | |
| Интерни упатства:<br>• Донесување ново Упатство за постапката и методологијата за вршење контрола по ЗРГП<br>• Донесување Упатство за методолгија на утврдување даночна основа со индиректни методи | ✓ | ✓ | | | ГДИ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Обуки:<br>• Обуки на вработени за спроведување на новите упатства | ✓ | ✓ | | | ГДИ |
| Аналитички алатки:<br>• Извештај за разлики меѓу ФСО, ДДВ пријава и промет по податоци од банки<br>• Воведување други редовни извештаи – алатки за следење на даночно однесување | ✓ | ✓ | | | СРУД+ЕУРУ+СДУДО |
| ИТ системи:<br>• Надградба на ГПРС системот и добивање на податоци за издавање на фискални сметки во реално време со интегрирани алгоритми за генерирање на извештаи по различни основи (дејности, региони и сл.)<br>• Дизајнирање барања за извешти во рамки на Складиште на податоци кој ќе интегрира податоци од е-фактура, ГПРС и други бази на податоци<br>• Воведување поедноставен процес за пресметување и плаќање на данокот на личен доход и на придонесите од задолжително социјално осигурување за работно ангажирани лица (услуга од УЈП за изготвување на МПИН и налог за плаќање) | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | СРУД+ГДИ+СДУДО |
| Редовно обезбедување податоци од трети страни:<br>• Склучување договор за добивање податоци од ДИТ за угостители кај кои се констатирани непрвилности т.е. неевидентирани работно ангажирани лица<br>• Обезбедување податоци потребни за вршење контроли за утврдување даночна основа со индиректни методи од дистрибутери и други засегнати страни<br>• Други склучени договори за обезбедување податоци од трети страни | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | СРУД+ГДИ+СПР |
| **II. ИЗДАВАЊЕ ПОД НАЕМ И СМЕСТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ ЗА КРАТОК ПРЕСТОЈ** | | | | | |
| **2.1 ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ** | | | | | |
| Информативни кампањи преку медиуми за информирање на јавноста и подигање на свеста за мерките за подобрување на даночната усогласеност, особено за:<br>• Засилени активности во овој сектор, утврдени неусогласености, преземени мерки<br>• Обврски за пријавување и плаќање на доход од закуп и подзакуп со акцент на издавања та под закуп и подзакуп на недвижен имот од страна на физички лица преку дигитални платформи за издавање на недвижен имот<br>• Други информативни кампањи. | ✓ | ✓ | | | СДУДО +СРУД+ГДИ |
| Специфични насоки: објаснувачки материјали и упатства, често поставувани прашања (база на знаење), обуки и др., особено за:<br>• Правилна примена одредбите од ЗДЛД и ЗДДВ во однос на регистрација и пријавување на доход од закуп и подзакуп во земјата и странство<br>• Обврски во однос на регистрација и на готовински промет<br>• Изработка на калкулатор за пресметка и плаќање на даночните обврски;<br>• Надоместоци за работно ангажирање на лица<br>• Други поврзани прашања. | | ✓ | ✓ | ✓ | СДУДО +СРУД+ГДИ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Партнерства во заедницата:<br>• Организирање на средби со релевантни комори и бизнис здруженија , агенции за недвижности, сопственици на дигитални платформи и други посредници за издавање на недвижности -<br>• Организирање на средби со други органи кои имаат надлежности за регистрирање и надзор во врска со издавање под закуп (ДПИ, АКН, МВР органи на локална самоуправа, нотари, адвокати)<br>• Организирање на средби со НБРСМ во насока на обезбедување на податоци за девизни дознаки кон Airbnb и Booking со цел анализа и споредба со податоците од ГДП пријавите на физички лица<br>• Организирање средба со Кајак – македонска платформа за издавање на недвижен имот со цел обезбедување на податоци од нивните регистри за физички и правни лица кои издаваат сместувачки капацитети во земјата | | | | | СРУД+ГДИ+СДУДО |
| **2.2 МЕРКИ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА УСОГЛАСЕНОСТА** | | | | | |
| • Персонализирана електронска достава на флаери и други материјали за информирање за обврските поврзани со издавањето под наем за краток престој и сместувачки капацитети до даночните обврзници<br>• Советодавни контакти со таргет групи даночни обврзници- закуподавачи и<br>• Други персонализирани мерки за олеснување на усогласеноста за таргет групи даночни обврзници<br>• Воведување поедноставен процес за пресметување и плаќање на физичките лица кои издаваат под закуп станбен или деловен простор за работно ангажирани лица (услуга од УЈП за изготвување на МПИН и налог за плаќање)*<br>**Измена на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување во сила од 01/01/2026* | | ✓ | ✓ | | СДУДО +СРУД+ГДИ |
| **2.3 МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО НЕУСОГЛАСЕНОСТА – КОРЕКТИВНИ (ИЗВРШНИ МЕРКИ)** | | | | | |
| • Анализа на податоците добиени од банки за приливи од странство на физички лица споредбено со податоците искажани во ГДП и поднесените пресметки во е-ПДД со посебен акцент на приливите од извршени услуги на издавања под закуп и подзакуп,<br>• Идентификација на физичките лица каде постои неусогласеност во приливите и пријавените приходи доставување на персонализирани пораки за утврдена состојба и повикување истите доброволно да се усогласат<br>• Доставување на дополнителни решенија за ново утврден данок по основ на закуп и подзакуп<br>• Проверка на реалноста на искажаната висина на закупот со слични даночни обврзници и слични локални прилики<br>• Вкрстување на податоци и теренски проверки за откривање и оданочување на неевидентирани приходи од закупи | ✓ | ✓ | ✓ | | СРУД+ГДИ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| • Надворешни контроли базирани на ризик и по случаен избор за откривање и оданочување на неевидентираниот приходи од сместување на гости кај регистрирани даночни обврзници<br>• Контроли со употреба на индиректни методи, трошковен метод и просечна профитна маржа<br>• Вкрстување на податоци со МВР за пријавени гости<br>• Проверка на реалноста на искажаната висина на закупот од страна на физички лица- закуподавач кон правни лица- закупопримач каде основач/управител е лицето – сопственик на недвижноста на кои се исплатува високиот износ на закупот | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ГДИ +СРУД |
| **2.4 СИСТЕМСКИ МЕРКИ** | | | | | |
| Редовно обезбедување податоци од трети страни:<br>• Воведување на евиденција на издавачи на сместувачки капацитети по Општини, врз основа на собрани информации од интернет, Airbnb и Booking, Кајак, како и од средби со други органи кои имаат надлежности за регистрирање и надзор во врска со издавање под закуп и подзакуп (ДПИ, АКН, МВР органи на локална самоуправа, нотари, адвокати). Ажурирање на регистарот најмалку еднаш годишно. | | ✓ | ✓ | | СРУД+ИТ |
| ИТ системи:<br><br>• Надградба на е-ПДД - воспоставување на алгоритам/критериуми за службено утврдување на основата за ДЛД од доход од закуп и подзакуп во случај кога пријавениот доход од закуп и подзакуп е помал од оној што може да се постигне според локални прилики | | ✓ | ✓ | | СРУД+ИТ |
| **III. СНАБДУВАЊЕ ВО УГОСТИТЕЛСТВО И ТРГОВИЈА- ДИСТРИБУТЕРИ** | | | | | |
| **3.1 ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ** | | | | | |
| Информативни кампањи преку медиуми за информирање на јавноста и подигање на свеста за мерките за подобрување на даночната усогласеност, особено за:<br>• Засилени активности во овој сектор, утврдени неправилности, преземени мерки<br>• Состојби во секторот за пријавувањето на прометот, и други даночни обврски<br>• Трендови, преземени мерки и резултати во однос на промена на усогласеноста, Други информативни кампањи | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | СДУДО+СРУД+ГДИ+СПДОЈ |
| Специфични насоки: објаснувачки материјали и упатства, често поставувани прашања (база на знаење), обуки и др., особено за:<br>• обврски поврзани со фискализацијата и регистрација на готовинскиот промет и обврска за евиденција и документирање на промет на добра и залихи<br>• други поврзани прашања. | ✓ | ✓ | | | СДУДО+СРУД+СПДОЈ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Партнерства во заедницата:<br>• Организирање на меѓу институционални состаноци со ДПИ и ЦУ со цел координирање на активностите од аспект на контрола на излез на стоки од магацин на дистрибутерите и прием на истата стока во малопродажба / угостителски објекти и контрола на правилна евиденција на акцизни стоки<br>• Организирање на средби со релевантни здруженија и претставници на дистрибутерите, со цел идентификување на проблемите со кои се соочуваат овие даночни обврзници, укажување на потребата од редовно регистрирање на готовинскиот промет онаму каде што има плаќање во готово од страна на купувачите, како и укажување за поголема примена на безготовинско плаќање онаму каде што тоа е возможно<br>• Други средби и активности | ✓ | ✓ | | | СДУДО +СРУД +ГДИ |
| **3.2 МЕРКИ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА УСОГЛАСЕНОСТА** | | | | | |
| • Обезбедување на податоци од ЦУ за даночни обврзници кои вршат увоз на храна и пијалаци, а воедно истите вршат дистрибуција во малопродажба и угостителски објекти и споредба на овие податоци со податоците искажани во даночните пријави поднесени од овие обврзници во УЈП (во насока дали точно се применети даночните стапки)<br>• Обезбедување на податоци од Министерство за економија и труд, за издадени лиценци за продажба на алкохолни пијалаци кои ќе се споредуваат со податоците од увоз на алкохолни пијалаци, вредноста по која истите се продаваат од страна на лиценцираните продавачи како и проверка на залихите на алкохолни пијалаци кај истите со цел утврдување на евентуални разлики во залихите<br>• Советодавни посети кај новорегистрирани даночни обврзници од овој сектор<br>• Други персонализирани мерки (персонализирани контакти, советодавни посети и друго) за олеснување на усогласеноста за таргет групи даночни обврзници | | ✓ | ✓ | ✓ | ГДИ+СРУД |
| **3.3 МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО НЕУСОГЛАСЕНОСТА- КОРЕКТИВНИ (ИЗВРШНИ) МЕРКИ** | | | | | |
| • Контроли базирани на извршена анализа и по случаен избор по основ на учеството на готовинскиот промет во вкупниот промет кај увозници на алкохолни пијалаци кои вршат дистрибуција на истите во малопродажба и угостителските објекти, производство на алкохолни пијалаци и храна, увоз на стоки за широка потрошувачка | | ✓ | ✓ | ✓ | ГДИ |
| • Анализа на физички лица- основачи и управители на генералните застапници на алкохолни пијалаци кои прикажуваат во ГДП бруто приходи помали од 5.000.000 денари по сите основи споредбено со имотот кој истите го поседуваат | | ✓ | ✓ | ✓ | ГДИ+СРУД |
| **3.4 СИСТЕМСКИ МЕРКИ** | | | | | |
| Законски измени:<br>• Разгледување на можноста за законски измени во материјалните закони во насока на креирање на мерки и политики за поттикнување за поголемо користење на безготовинските плаќања | | ✓ | ✓ | | МФ+УЈП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ИТ системи:<br>• Разгледување на можноста во насока на креирање посебен документ (испратница) за акцизни стоки (алкохолни пијалаци) во рамките на проектот е-Фактура | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | СРУД+ГДИ+ЕУРЕФ |
| Аналитички алатки:<br>• Спроведување на анализа на даночните обврзници – кои вршат дејност снабдување во угостителство и трговија во однос на правилната примена на даночните стапки на програмираните артикли и споредба кај трговците на мало на истите податоци<br>• Анализа на физички лица - основачи и управители на генералните застапници на алкохолни пијалаци кои прикажуваат во ГДП бруто приходи помали од 5.000.000 денари по сите основи споредбено со имотот кој истите го поседуваат | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | СРУД+ГДИ |
| Редовно обезбедување податоци од трети страни:<br><br>• Анализа на податоците за издадени уверенија за пренос на удел кај даночни обврзници-дистрибутери, проверка во системот на ЦРМ за извршениот пренос на удел и увид во договорот за пренос со цел утврдување на потенцијална капитална добивка од продажбата и проверка во е-пдд системот во однос на поднесени пресметки за остварена капитална добивка | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | СРУД |





www.ujp.gov.mk